ISSN 2671-3845

ГРАФОПРЕС

СПИСАНИЕ НА ГРАФИЧКАТА СТРУКА

8

2021

СОУ „Таки Даскало“

Битола


ГРАФИЧКИ ТЕХНИЧАР

ЧЕТИРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ



ГРАФИЧКИ УРЕДНИК-ДИЗАЈНЕР

ЧЕТИРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ



СЕКТОР ГРАФИЧАРСТВО

СОУ

„Таки Даскало“ - Битола

ГРАДФИЧКА СТРУКА

ТРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ



ПЕЧАТАР

ТРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ



ИЗРАБОТУВАЧ НА ВИЗУЕЛНИ АПЛИКАЦИИ

ГРАФОПРЕС

бр.8, мај 2021 г.
ISSN 2671-3845
https://grafopres.mk

Редакција:
Весна Мундишевска-Велјановска, наставник по графички стручни предмети, главен и одговорен уредник
Моника Балева I 4
Ангел Велјановски I 4
Душанка Давчева I 4
Кристина Јованова I 4
Емилија Трампевска I 4

Јазична редакција:
Ири Јефтимова, наставник по македонски јазик и литература

Дизајн на корица:
Ангел Велјановски I 4

Дизајн на плакат на внатрешна корица:
Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети

Техничко уредување:
Кристина Јованова I 4
Ангел Велјановски I 4
Весна Мундишевска-Велјановска

Веб страна на „Графопрес“:
Оливер Цветковски, наставник по графички стручни предмети, креатор и одговорен наставник

Соработници:
Миле Атанасоски
Катерина Спасовска-Маурдева
Снежана Паскова
Валентина Ристеска
Александар Трајковски
Оливер Цветковски, наставници по графички стручни предмети

Печати:
а.д. „Киро Дандаро“ – Битола

СОУ „Таки Даскало“ – Битола, графички актив
E-mail: gaktiv@gmail.com
https://www.facebook.com/grafickiaktiv2016

СОДРЖИНА

2 Старо ново во нашето маало

4 Огледало на душата
4 Мартина Стојаноска III 4, Петар Трајковски III 5

5 КултуРАпорт
5 Моника Балева I 4 – „Битолски книжевен круг“
6 Павле Димовски I 4 – „Графичката струка и БКК по повод светскиот ден на книгата“
6 Наши графичари-креативци

7 Тиин манија
Јулија Долевска IV 4 – „Рането срце“
Кристина Јованова I 4 – „Љубов“

7 Едукативни работилници
7 Петар Велјановски I 4 – „За насилството во училиштата“
8 Николче Трајковски I 4 – „Работилница со „АМОС“ за говор на омраза“

9 Графопрес галерија

12 Ѕвездите зборуваат – Графо-хороскоп

14 Инфо-граф
14 Габриела Гацовска II 4 – „Биди графичар“
15 Антонио Марковски I 4 – „Графичарите во проект со МОН и „Мегасофт“ – Битола“
16 Ана Митровска III 4 – „Старо-новиот графички кабинет“
17 Иван Стефановски II 4 – „Roland SP-300i“

18 Графо-пракса
18 Мартина Стојаноска, Елеонора Балтова, Марија Најдановска III 4 – „Печатење со шаблони“
19 Сабина Мемедовска III 4 – „Еден ден на пракса“

20 Интервју
20 Кристина Јованова I 4 – „Интервју со Димитар Петровски“

22 На тема
22 Христијан Петровски II 4 – „Зошто учениците отсуствуваат од часови?“

23 Квиз
23 Ана Митровска, Мартина Стојаноска, Марија Најдановска, Софија Николова, Елеонора Балтова III 4 – „Квиз“

24 Графо-математика
24 Антонио Поповски I 5, Дарко Дојчиновски I 5

25 Еко-граф
25 Маријана Мегленска I 4 – „Рачна преработка на хартија – рециклирање“
26 Емилија Трампевска I 4 – „Волонтерска акција ЦВЕЌЕ ЗА СРЕЌА“

27 Графо-крстозбор
27 Ангел Велјановски I 4 – „Крстозбор“

28 (Во)спортот на светот

28 Графо-забава
28 Душанка Давчева I 4 – „Музика“
29 Ева Талевска III 5 – „Дополнување“
29 Дарко Дојчиновски I 5, Рејхан Абдиева и Мирадие Адиловска III 5 – „Лавиринт“

ГРАФОПРЕС 8, 2021

СТАРО-НОВО ВО НАШЕТО МААЛО

Во учебната 2019/2020 и 2020/2021 ученици од втора, трета и четврта година графичка струка, профил графички техничари, учествуваа на обуки за користење на компјутерски програми за векторска и растерска графика во „Мегасофт“ – Битола. За успешно реализираните активности сите учесници добија сертификати.


На 13 февруари 2021 г. ученици од прва, втора и трета година графичка струка учествуваа во работилница на тема „Насилство во училиштето“. Работилницата ја организираше Центарот за човекови права „АМОС“ – Битола во соработка со одговорните наставници Катерина Спасовска-Маурдева и Весна Мундишевска-Велјановска. За учеството во работилницата сите учесници добија сертификати.

После 20 години пауза повторно се подготви број на гласникот на графичката струка „Графопрес“. Ова е нешто со што навистина се гордееме во ова време-невреме. Од овој број „Графопрес“ е достапен и со свој ISSN број, со што станува посериозно гласило, а неговата е–верзија овозможува поголема достапност, особено помеѓу помладата популација каде предност имаат електронските медиуми. Содржините во дадените рубрики ќе ги задоволат и најљубопитните кои се расположени да научат нешто ново, но и да се забавуваат, на наш, графички начин. Се надеваме дека задоволството додека го читате нашето списание ќе биде барем половина од она што ние го имавме додека го подготвуваме, а тоа ќе ни биде мотив и следниот број што поскоро да ја види светлината на денот.



Во време на пандемија, наставата во графичката струка се реализираше воглавно он-лајн, а најголемиот дел од практичната настава се изведуаше со физичко присуство во печатниците „Киро Дандаро“, „Шикло-комерц“ и „Вега“, а делумно и во нашиот графички кабинет, со почитување на сите мерки за заштита од Ковид 19.

Во периодот 22 февруари и 1 март 2021 г. графичката струка спроведе волонтерска акција „Цвеќе за среќа“ организирана во соработка со училишниот волонтерски клуб „Тереза Фердинанди Литовска“. Во работилниците учествуваа 50-тина ученици од паралелките I 4, II 4, III 4, III 5 и IV 4, под менторство на Катерина Спасовска-Маурдева и Мирјана Гичевска (одговорни за волонтерскиот клуб), како и Весна Мундишевска-Велјановска, Снежана



Паскова и Валентина Ристеска, наставници по графички стручни предмети. Учениците изработија прекрасни креации на цветови, ги фотографираа и изработија видео кое беше поставено на фејсбук страната на графичката струка, а потоа ги подарија на своите блиски.

На 5 март 2021 г. ученици од паралелката III 4, графички техничари, заедно со предметниот наставник Весна Мундишевска-Велјановска – претседател на училишниот еко-одбор, учествуваа на онлајн настан за одбележување на Светскиот ден на енергетска ефикасност. Настанот го организираше еко-одборот при СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“ – Битола, а беа презентирани најнови сознанија за користењето на батериите и енергетската ефикасност во секојдневиот живот. Нашите графичари се вклучија и во дискусијата и достојно го претставија нашето училиште.






Во периодот март-април 2021 г. учениците од прва до четврта година графичка струка изработуваа обележувачи за книги по сопствен дизајн.

Беа испечатени околу 1000 обележувачи кои заедно со пакети книги беа донирани во училишните библиотеки на сите десет основни училишта во Битола и на Педагошкиот факултет. Оваа активност се реализираше во соработка со писателите од „Битолскиот книжевен круг“.

На 20 март 2021 г. ученици од прва, трета и четврта година графичка струка учествуваа во работилница на тема „Говор на омраза“. Работилницата ја организираше Центарот за човекови права „АМОС“ – Битола. Одговорни наставници беа Катерина Спасовска-Маурдева, Весна Мундишевска-Велјановска, Валентина Ристеска и Снежана Паскова. И овој пат работилницата побуди интерес и огромно задоволство кај учесниците, а АМОС им додели сертификати за учеството.



На 31 март 2021 г. волонтери од графичката струка учествуваа на хуманитарниот настан „Девојчето со цртежите“ кој се одржа во „Везилка – културен центар“ и на девојчето ѝ дониraа пакет со прибор за цртање кој го подготвија самите со претходно собрани средства од нив и од професорите од графичката струка.

ОГЛЕДАЛО НА ДУШАТА

ЗОШТО?


Зошто љубовта во мислата трае
да одговори никој не знае,
зошто, како секоја, и љубовта наша,
о, зошто е љубовта непровидна чаша?

Зошто кога љубам убаво е сè,
зошто заљубената не постои, не,
со љубената во срцето мирно се спие,
о, зошто душата ништо не ѝ крие?

Зошто кога сакам песна ми се пее,
околу ушите тивко ветре ми вее,
зошто кога ставаме рака во рака
струја поминува нежна и млака?

Зошто јас ја љубам фантастично, чудно,
во окото ја чувам нажалено и будно?
Можеби затоа што до мене не е,
па далечината љубовта посилно ја грее.

Петар Трајковски III 5



ВЕРБА

Верував во сон,
стигнав до целта.
Верував во срцето,
добив царство со цветови.
Верував во небото,
најдов безброј ѕвезди.
Верував и добив:
вера и надеж
чиста и бистра мисла
– бескраен мир.

Мартина Стојаноска III 4

ЧУВСТВЕНА

Душата – полна со љубов
Љубовта – чувство во душата
Чисти срца, полна душа
Небото сјае, а ѕвездите пеат.
Дете чисто како капка солза
Пролиена од искрена радост
Внимание кое нема цена
Зборови изговорени од срце
Како мирна песна од славеј.
Патека од убавини без крај.

Мартина Стојаноска III 4

ДАЛИ ЗНАЕШ?

Дали знаеш колку е мачно
што срцето мое по тебе е плачно,
телото мое осамено е бедно,
лицето твое да го љубам чедно?

Дали знаеш колку е тешко
срцето осамено од љубов да е жешко,
душата празна да плаче и вика
што крај себе ја нема својата слика?

Дали знаеш колку е тажно
осамен да бидеш, а да љубиш снажно,
мислата моја по тебе да жали,
мислата за тебе страста што ја пали?

О, дали знаеш колку те љубам,
безмерно и вечно, не сакам да те губам?
Да бидеш моја желбата нема да згасне,
љубовта моја никогаш нема да спласне.

Петар Трајковски III 5

Илустрација:
Дарко Бошковски

КУЛТУРАПОРТ

БИТОЛСКИ КНИЖЕВЕН КРУГ

Оваа рубрика и во претходните броеви изобилувала со разни теми од културата, се пишувало за разновидни културни настани или пак се објавувале интервјуа со познати културни работници. Во овој број ќе ви ја „рапортираме културата“ преку запознавање со активностите на писателите од Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг“ (БКК), кои долги години работат, творат и оставаат трага по која ќе ги паметат многу идни генерации. Друштвото е основано во 2005 година, а официјално е регистрирано во 2006 година. Во него членуваат писатели кои живеат на подрачјето на Општина Битола, а се членови на Друштвото на писателите на Македонија.

Претседател на „Битолскиот книжевен круг“ е писателката Елизабета Јончиќ, а од минатата година БКК може да се пофали и со својата веб страна https://bkk-pisateli.mk/ која е огледало на активностите на членовите на БКК, но и место каде се објавуваат творби на автори од земјата и од странство. Битолскиот книжевен круг издава и свое списание „Раст“, а ја организира и меѓународната манифестација „Битолски книжевни пametења“.

Графичката струка редовно соработува со писателите, а во оваа прилика ви го претставуваме нивното најново издание „Синестезија на зборот“ и се надеваме дека ќе разбудиме уште поголем интерес за нивните дела.

Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг“ на 23 април – Светскиот ден на книгата и авторското право, ја издаде книгата „Синестезија на зборот“ која е мозаик на творби на тема Зборот чии автори се 18 писатели од Битола, со што членовите на БКК го дадоа својот придонес кон одбележувањето на стогодишнината од раѓањето на Блаже Конески. Книгата е квалитетно колор издание во кое творбите се вкомпонирани со колоритот на уметничките дела на десет македонски ликовни уметници меѓу кои е и нашата професорка по Ликовна уметност Љубица Мешкова Солак, кои со своите слики впечатливо го вдахновуваат доживувањето на синестезијата на зборот.



Приредувачи на изданието се: Весна Мундишевска-Велјановска, Даниела Андоновска-Трајковска и Елизабета Јончиќ, а ликовен уредник Љубица Мешкова Солак.

За нас графичарите интересно е да се напомене дека логото на БКК е дело на нашиот професор по дизајн Миле Атанасоски, а нашата професорка Весна Мундишевска-Велјановска покрај што е член, била секретар на БКК во периодот од 2015 до 2018 година и уредник на списанието „Раст“. Воедно таа ја направи компјутерската обработка и дизајнот на корицата за оваа книга, а професорката Мешкова-Солак е автор на илустрацијата на предната корица.

Моника Балева I 4

КУЛТУРАПОРТ

ГРАФИЧКАТА СТРУКА ОД СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ И „БИТОЛСКИОТ КНИЖЕВЕН КРУГ“ ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА КНИГАТА



Во текот на месеците март и април 2021 г. ученици од прва до четврта година графичка струка изработуваа обележувачи за книги по сопствен дизајн. За изработката на истите се користеа познати, но и сопствени мисли за книгата, а беа изработени и обележувачи според корици на книги од писателите од „Битолскиот книжевен круг“.

При изработката на обележувачите за книги ние учениците се чувствувавме прекрасно затоа што работевме тимски со професорите и правевме нешто што ќе биде од голема корист. Одговорни професори за активноста беа: Весна Мундишевска-Велјановска, Катерина Спасовска-Маурдева, Снежана Паскова, Мери Цицковска и Валентина Ристеска.

Изработивме стотици обележувачи кои беа испечатени во боја, а потоа доработени во текот на практичната настава. Овие обележувачи, заедно со огромен број книги кои ги донираа писателите од „Битолскиот книжевен круг“, како и со изданија на СОУ „Таки Даскало“, беа донирани во училишните библиотеки на сите основни училишта од Битола и на Педагошкиот факултет Битола. За оваа активност информираа и медиумите, а фејсбук страниците на училиштата и на БКК беа полни со благодарност за соработката.

Павле Димовски I 4

Наши графичари-креативци



Моника Балева I 4
обожава цртање, а се занимава и со моден дизајн
Моето слободно време го користам за да цртам, цртањето ме опушта. Модниот дизајн ме интересираше уште од мали нозе. Тоа е мојот сон. На 13 години завршив курс и од тогаш поголемиот дел од мојата облека ја дизајнирам и си ја шијам самата.



Петар Велјановски I 4
прави своја музика и видео-клипови
Да правиш музика е чувство кое те опушта, те носи низ многу светови, шарени, еднобојни и слично. Повеќето луѓе мислат дека е многу тешко да се создаде една песна, но со љубов таа тежина не се ни забележува.

ТИИН МАНИЈА



Ранетото срце е како ранетата птица. Ранетото срце е срце кое осетило љубов без возврат. Срцето е роб на љубовта и многу лесно ѝ подлегнува. Кога најмалку очекуваш љубовта ќе влезе во срцето. Потребен е само еден момент, а потоа цел живот ќе патиш од љубов. Силно срцебиење, измешани чувства, мисли каде е љубениот, што прави сега...., а кога ќе го видиш не знаеш што да правиш, мислите ти се измешани и во тој момент се бориш да не дознае дека го сакаш бидејќи тогаш чуствата ти се измешани. Се прашуваш дали ги има истите чуства како и ти, дали те сака како што го сакаш и ти. Знае ли некој што е љубов? Еднаш прашале еден професор што е љубов, а тој одговорил – „Не ја знам таа лекција“, прашале и таксист, а тој одговорил – „Не ја знам таа улица“, прашале некое дете кое одговорило „Не ја знам таа игра“, а еден замислен и збунет човек одговорил – „Љубов е тоа што ме направи ваков“. Љубовта прави секој момент да ти недостига саканата личност, сè околу тебе да потсетува на таа личност. Ранетото срце секогаш мисли на оној кого сака да го заборави, но не може да ги заборави очите што ги гледа како најубавата слика и не може да заборави да го слуша најубавиот глас, како да ја слуша најубавата музика. Понекогаш и најсилниот носи рането срце. Ранетото срце крвари, но сеуште чука исто како ранетата птица што лета на небото со болка. Велат љубовта е најубавото нешто што ќе ни се случи иако понекогаш боли. И ранетото срце чука со надеж за подобро утро, за подобар ден. Чука со надеж дека ќе ги види саканите очи и ќе го слушне саканиот глас сред метежот. Ранетото срце сонува за среќна љубов.

Јулија Долевска IV 4

Љ У Б О В

Кога некој вистински ќе засакате единствено нешто што му го посакувате е да биде среќен, дури и ако не е со вас. Сепак да немаше болка во љубовта, немаше да се препознаваме во тажните песни. Секогаш, без разлика колку и да сте повредени, безнадежни, кога најмалку очекувате ќе се појави некоја „искра“ на среќа, односно ќе се појави некој кој ќе ви пружи чувство на мир, топлина, хармонија, среќа, а вашите рани за миг ќе бидат излечени...

Кристина Јованова I 4

ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ



ЗА НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТАТА

На ден 12 февруари 2021 година, во организација на Центарот за човекови права „АМОС“ – Битола и графичката струка од средното училиште „Таки Даскало“ – Битола, беше одржана работилница на тема **„Насилство во училиштето“**. Вклучени беа ученици од прва, втора и трета година и нивните професорки Катерина Спасовска-Маурдева и Весна Мундишевска-Велјановска. На сите ученици кои учествуваа во работилницата им беа доделени сертификати.

Работилницата се одвиваше во два дела во кои Даниела Јовановска и Билјана Темелкова-Бејковска ни прикажаа презентации за насилството во училиштето, а беа побарани и мислења од учениците за оваа проблематика и се разви интересна дискусија.

Кога зборуваме за насилството во училиште, треба да имаме предвид дека едно од десет училишни деца се соочува со насилство на училиште и овие бројки се во пораст. Иако телесното казнување е забрането во повеќето европски училишта, насилничкото однесување и булингот се широко распространети. Затоа важно е:

- **ДА ГО ПРЕПОЗНАВАМЕ НАСИЛСТВОТО,**
- **ВЕДНАШ ДА РЕАГИРАМЕ НА ИСТОТО,**
- **ДА НЕ ГО ТОЛЕРИРАМЕ И**
- **ДА ДАДЕМЕ СÈ ОД СЕБЕ ЗА ДА ГО ИСКОРЕНИМЕ**

ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО УЧИЛИШТЕТО НЕКА НИ БИДЕ ЕДНО ОД НАЈУБАВИТЕ СЕЌАВАЊА ВО ЖИВОТОТ

Петар Велјановски I 4

РАБОТИЛНИЦА СО „АМОС“ ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА

На 20 март 2021 г. ученици од прва, трета и четврта година графичка струка учествуваа во работилница на тема **„Говор на омраза“** која ја организираше Центарот за човекови права „АМОС“ – Битола.

Омразата може да постои поради различни основи, поради раса, боја на кожа, радост, социјално потекло, религија, ментална попреченост или инвалидитет и др. Освен преку директен говор може да се изрази преку пишување на навредливи симболи, графити, цртежи и слично. На оваа работилница научивме дека доколку видиме и препознаеме говор на омраза треба да го пријавиме затоа што тој потоа иницира насилство, како и дека треба да се подигне свеста за овој проблем кај сите чинители, да се практикува слобода на изразување и сите да се почитуваме.

За учеството во работилницата АМОС им додели сертификати на сите учесници. Работилницата ја раководеа Билјана Темелкова-Бејковска и Даниела Јовановска од „АМОС“, кои секогаш настојуваат да го зачуваат убавото и човечното пред сè кај младите, а одговорни наставници беа: Катерина Спасовска-Маурдева, Весна Мундишевска-Велјановска, Валентина Ристеска и Снежана Паскова. Со нетрпение ја очекуваме следната соработка.

Николче Трајковски I 4



Илустрација: Моника Балева I 4

ГРАФОПРЕС ГАЛЕРИЈА

ВЕЖБИ

ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН




Кристина Јованова I-4
(линија)



Теодора Митровска I-4
(карикатура)



Габриела Гацовска II-4
(светло и сенка)



Милорад Петровиќ III-4
(стилизација)



Владимир Вашеревски III-4
(стилизација)



Ангел Велјановски I-4
(текст-графит)

Христијан Стојановски III-4
(стилизација-лого)




ГРАФОПРЕС ГАЛЕРИЈА

ВЕЖБИ

ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН




Душанка Давчева I-4
(карикатура)



Елеонора Балтова III-4
(стилизација-лого)



Јулија Долевска IV-4
(етикета)





Андреас Петровиќ I-4
(стрип)

ГРАФОПРЕС ГАЛЕРИЈА


ВЕЖБИ


ТИПОГРАФИЈА






Иван Стефановски II-4






Габриела Гацовска II-4



Ангела Јовановска II-4

Петар Даскаловски II-4



Рубриката „Графопрес галерија“ е подготвена во соработка со Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети

ХОРОСКОПСКИТЕ ЗНАЦИ НА РАБОТНО МЕСТО ВО ГРАФИЧКО ПРЕТПРИЈАТИЕ

ОВЕН

♈ Овните се најодговорните во зодијакот. Секогаш се навремени, прецизни. Бидејќи за нив најинтересни области се механиката и машинството, често ќе ги најдете како одржувачи на графичките машини. Бидејќи го сакаат оружјето, дисциплината и редот, во најлош случај би работеле како стражари или обезбедување во печатница.

БИК

♉ Биковите се најмрзливи, па затоа на овие луѓе за сè што работат им е потребно во близина да имаат столче. Би биле добри како офсет печатари на некоја машина со помал формат околу која нема да треба многу да се движат. Би било добро да е некоја помала, да нема многу дефекти, за да не мораат често да си ја напуштаат удобната столица и да се ангажираат околу машината.

БЛИЗНАЦИ

♊ Ова се најбрзите и најкомуникативните луѓе во зодијакот па можат да опслужуваат повеќе работни места истовремено. Добро се снаоѓаат во гужва и напнати атмосфери и затоа најдобро би се снашле на некои големи ротации каде што ќе треба брзо да се регулира дотокот на боја при што би се намалил шкартот. Во најлош случај би работеле како оператори на телефонска централа.

РАК

♋ За да функционираат добро на работното место, на раковите им е потребно домот да го однесат на работа. Добри се за мануелни работи, па најмногу им одговара работа во одделенија за картонажа и амбалажа, како и книговрзување, каде што доманќилукот ќе го преточат во шиење, лепење и декорирање. Во најлош случај раковите ќе ги најдете како варат кафе за другите вработени во печатницата.

ЛАВ

♌ Лавовите се родени шефови, па така во кое одделение и да се вработени сигурно би биле на некоја раководна функција. Бидејќи се креативни добро би се снашле во графичката подготовка, но и како раководители на смени, одговорни на погони, организатори на работата, вработени во комерција или во комуникација со клиенти и сл.

ДЕВИЦА

♍ Ова се најпедантните луѓе во зодијакот. Наоѓаат грешки таму каде што ги нема, па затоа најдобро работно место за нив би било коректор и сè што е поврзано со голема внимателност и прецизност. Би биле добри во хемиграфијата, во изработката на печатарски форми, особено за бакро печат, но и во контрола на квалитетот на печатењето, во испитувањето на материјалите и сл.

ВАГА

Вагата е знакот на уметноста и на убавината па би им одговарало сè што е поврзано со нив, а во графичката индустрија има доста такви позиции. Им одговара графичкиот дизајн па би биле одлични партнери за давање на креативни решенија и идеи. Добри се и како фотографи. Можи да се занимаваат и со уметничка графика (литографија, линорез, дрворез и сл.).

СКОРПИЈА

Скорпиите се лојални и одговорни. Иако функционираат како индивидуалци, подобри се за тимска работа па би одговарале во секоја работа каде што е потребно заемно почитување, колегијалност и сл. Најдобро би се снашле во сигурносниот печат (печатење на хартии од вредност, пари и сл.), односно на работни места кои бараат голема доверливост, перфекционизам и дисциплина.

СТРЕЛЕЦ

Стрелците се авантуристи, сакаат да истражуваат, па за нив најдобар работен ангажман би бил оној кој е надвор од печатницата. Тие сакаат да се во движење, па би биле успешни како вработени во маркетинг, набавка на материјали, одење на саеми во странство, транспорт на материјалите и сл. Можат да работат и на фотоосветлувачи и на CPC уреди.

ЈАРЕЦ

Јарците се најамбициозните во зодијакот, па својот максимум би го дале во која било работа во која може да се напредува. Бидејќи сакаат големи нешта, најдобро би се снашле доколку работат на некои големи машини, на пример во картонажа и амбалажа, на слотери, ротобиндери или на колбус линии. Во најлош случај можат да работат како магационери, возачи на виљушкар и сл.

ВОДОЛИЈА

Бидејќи водолиите се секогаш чекор пред времето, најдобро е да управуваат со новите технологии во печатниците, како на пример со некои нови машини со вградени системи за управување со боја каде што е потребно познавање на технологијата и напредокот. Најуспешно функционираат кога немаат шеф над главата, па најдобро би се снашле на индивидуални работни позиции.

РИБИ

Рибите сакаат да работат во мир и тишина, па така за нив најдобро би било да работат во одделението за графичка подготовка, на компјутерска подготовка за печатење или во делот на монтажа каде цел ден тивко и ненаметливо можат да го искажат својот талент. Најдобро би се снашле во активности од сито печат или во некои мали техники (тампон печат, трансфер печат, флексо печат и сл.).



Прилогот е подготвен во соработка со Оливер Цветковски, наставник по графички стручни предмети

ИНФО-ГРАФ

БИДИ ГРАФИЧАР

Во нашата графичка струка постојат четири образовни профили, два со тригодишно траење и два со четиригодишно траење. Во овој прилог ви ги прикажуваме стручните предмети кои се изучуваат во секоја година на образование, со цел да дадеме корисни информации за нашите сегашни ученици и со надеж дека ќе побудиме интерес кај нашите идни (со)ученици. Часовите се изведуваат во графички кабинет кој за нас е најважното место од училиштето, место пред сè за учење и извршување на задачите и вежбите кои ни ги одредува струката, но и место каде што секогаш има простор за креативност и дружба, и е секогаш исполнето со пријатна атмосфера за работа, а професорите се разбирливи и отворени за нови идеи и секогаш ги земаат во предвид нашите мислења и ставови, тие се трудат на најзабавен и лесен начин да ни ја доловат графичката струка, да ни објаснат и да нè научат. Затоа **БИДЕТЕ ГОРДИ ГРАФИЧАРИ!**

ЗАНИМАЊА ОД ТРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

ПЕЧАТАР - Во образовниот профил печатар, покрај општообразовните предмети, се изучуваат следните стручни предмети:

I г.: Графичка технологија, Графички дизајн, Графички материјали и Практична настава.
II г.: Графички машини, Печатење и Практична настава.
III г.: Графички машини, Печатење и Практична настава.

ИЗРАБОТУВАЧ НА ВИЗУЕЛНИ АПЛИКАЦИИ - Во образовниот профил изработувач на визуелни апликации се изучуваат следните стручни предмети:

I г.: Графичка технологија, Графички дизајн, Графички материјали и Практична настава.
II г.: Алтернативен печат, Графички дизајн, Графички машини и Практична настава.
III г.: Графички дизајн, Компјутерска графика, Практична настава, и Проектирање на визуелни апликации.

ЗАНИМАЊА ОД ЧЕТИРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

ГРАФИЧКИ ТЕХНИЧАР – Во образовниот профил графички техничар, покрај општообразовните предмети, се изучуваат следните стручни предмети:

I г.: Основи на графичарство и сродни сектори, Основи на графички дизајн и Графички материјали.
II г.: Книговрзување, Преработка на хартија, Сито и висок печат и Печатарски машини.
III г.: Флексо и бакро печат, Картонажа и амбалажа, Фотографски процеси и Печатарски машини.
IV г.: Офсет печат, Електронска обработка на текст и слика, Хемиграфија и Електронска изработка на печатарски форми.

Учениците можат да изберат да следат и некој од следните предмети во III година: Специјални постапки на умножување, Рециклирање на графички материјали и Системи на бои, додека во IV година можат да изучуваат: Дигитален печат, Еко амбалажа и Мерење на бои.

Во сите четири години учениците го следат предметот Содржини програмирани од училиштето, во трета и четврта година имаат практично образование т.е. Учење преку работа кај работодавач, додека феријална практика имаат во прва, втора и трета година.

ГРАФИЧКИ УРЕДНИК-ДИЗАЈНЕР – Во образовниот профил графички уредник-дизајнер, покрај општообразовните предмети, се изучуваат следните стручни предмети:

I г.: Основи на графичарство и сродни сектори, Основи на графички дизајн и Графички материјали.
II г.: Фотографија, Средства за графички дизајн, Техничко уредување на публикации и Типографија.
III г.: Форми на графички дизајн, Техничко уредување на публикации, Графичка монтажа и Векторска и растерска графика.
IV г.: Дизајн процес, Векторска и растерска графика, Печатарски форми и Пробен печат.

Учениците можат да изберат да следат и некој од следните предмети во III година: Визуелен идентитет, Дигитален печат и Конструкција на словни знаци, додека во IV година можат да изучуваат: Графички стандарди, Дигитален печат и Дигитализација на словни знаци.

Во сите четири години учениците го следат предметот Содржини програмирани од училиштето, во трета и четврта година имаат практично образование т.е. Учење преку работа кај работодавач, додека феријална практика имаат во прва, втора и трета година.

Габриела Гацовска II 4



ГРАФИЧАРИТЕ ВО ПРОЕКТ СО МОН И „МЕГАСОФТ“ – БИТОЛА

Графичката струка, учествуваше во проект кој се реализираше како спроведување на грант програмата „Зајакнување на соработката меѓу училиштата и бизнис заедницата“ во соработка со Министерството за образование и наука и „Мегасофт“ – Битола. Проектот беше финансиран од Светска Банка, а во нашето училиште се реализираа: мерка 2 – Практична настава за учениците од графичка струка и мерка 3 – Воспоставување на курсеви со решавање на проблеми за зајакнување на меките вештини кај учениците и наставниците.

Проектот започна на 23 декември 2019 година. Беа опфатени 52 ученици од втора, трета и четврта година. Истиот успешно се реализираше до 10 март 2020 година кога заради прогласената пандемија од COVID 19 беше прекината наставата во училиштата. Практичната настава продолжи со реализација од 21 октомври 2020 година, на комбиниран начин – во кабинет и онлајн.

Се работеше по програма која содржи актуелни содржини од интерес на учениците од графичката струка: графички дизајн, работа со растерска и векторска графика – Adobe Photoshop, Illustrator, веб дизајн – HTML5+CSS3, интернет безбедност и интернет маркетинг. Реализираната практична настава беше од големо значење за учениците. Тие добија знаења и вештини кои ќе им овозможат да се вклучат во пазарот на трудот или да го продолжат своето школување. За успешно завршената обука сите ученици добија сертификати.

УМЕТНОСТА НАЈЧЕСТО Е РЕЗУЛТАТ НА ВРОДЕН ТАЛЕНТ, А ДИЗАЈНОТ Е ВЕШТИНА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ НАУЧИ. ЗАТОА РАБОТИ, РАБОТИ И САМО РАБОТИ!

Антонио Марковски I 4
Прилогот е изработен во соработка со Александар Трајковски, наставник по графички стручни предмети

Инфо-граф

СТАРО-НОВИОТ ГРАФИЧКИ КАБИНЕТ

Креативноста на наставниците и учениците за изнаоѓање начини за реализација на активностите во склоп на практичната настава се многубројни. До неодамна наставниците и учениците на располагање имаа само постари машини кои ја задржаа функцијата на нагледно средство. Со реализација на инвестициски проекти на Министерството за образование и наука, нашиот кабинет доби ново руво. Беше донирана нова и посовремена опрема која битно влијае врз квалитетот на наставата, унапредување на наставниот процес и подобрување на условите за работа на наставниците и учениците. Со остварувањето на оваа цел и со осовременувањето на нашиот работен простор, учениците имаат можност да користат посовремени материјали и да ракуваат со современи машини. Сето ова го олеснува извршувањето на работните задачи од страна на учениците и овозможува проширување на нивните знаења.





Кога се работи со љубов, успехот е неизоставен. Еве како изгледаше обновувањето на кабинетот и низ нашето „графичко око“:







Ана Митровска III 4

Прилогот е изработен во соработка со Катерина Спасовска-Маурдева, наставник по графички стручни предмети

Инфо-граф

ROLAND SP-300I



Roland SP-300i е плотер со сечачи со кој можеме да печатиме етикети, налепници, постери, надворешни налепници на возила и други промотивни производи со која било големина, соодветни за секакви климатски услови и со користење на широк спектар на подлоги за печатење, вклучително и лепило-винил, хартија, филм, церада и хартија за пренос на топлина.

Софтверот и технологијата Roland Intelligent Pass Controls овозможува фини градации и беспрекорни полни тонови, а ја зголемува и продуктивноста.

Оваа машина има вграден систем за греење составен од грејач на бојата со цел да се подобри адхезијата на бојата, а сушењето (после печатењето) се забрзува со дувалка за топол воздух (фен).

Поседува софтверски процесор за растрирање на сликата (RIP). Обработката се извршува во компјутерот, а како влезни датотеки се користат eps, pdf или tiff датотеките. Растрирањето се извршува на компјутерот, во PostScript-датотека која потоа се испраќа до машината.

VersaWorks користи Roland систем на бои со кои се овозможува прецизна репродукција на истите. Печатењето може да биде единечно, може да се испечатат повеќе фајлови со различни содржини, а исто така може да се печати и една датотека во поголем тираж. Притоа секој отпечаток може да содржи фотографии, текст, векторски цртежи. Софтверот VersaWorks исто така овозможува рационална употреба на бојата и времето на печатење со што лесно може да се организира работата, во смисла на време и трошоци.

Покрај овие, машината е опремена и со сечила кои можат да режат секакви форми на печатениот материјал. Сечењето може да биде поставено уште во самата креација на цртежот во вид на линии за сечење, или, доколку ги нема, самиот софтвер автоматски може да ги одреди завршните линии и да го изврши сечењето. Покрај единечен, на еден табак може да се дуплираат неограничен број на дизајни.

Плотерот Roland SP-300i користи инк-џет технологија на печатење и може да се управува истовремено од повеќе вмрежени компјутери. Може да печати на максимална ширина од 762 mm и минимална од 182 mm, и на должина според потребите. Брзината на печатење му е 4,1 m^2/h при резолуција од 1440 dpi. Брзината на сечење зависи од сложеноста на производот и се движи од 10 до 300 mm/s.

Плотерот користи EcoSol (солвентни) бои (цијан, магента, жолта и црна), а потребно му е константно напојување со цел да ја одржува конзистентноста на бојата. Во спротивно може да дојде до сушење на бојата за кое подоцна ќе биде потребен посложен зафат за чистење на главата за печатење.

Roland SP-300i е многу добра машина за самостоен бизнис затоа што дава многу можности за печатење на разновидни производи, а не треба некоја посебна обука за ракување.

Иван Стефановски II 4
Прилогот е подготвен во соработка со
Оливер Цветковски,
наставник по графички стручни
предмети

ГРАФО-ПРАКСА

ПЕЧАТЕЊЕ СО ШАБЛОНИ






Печатење со шаблони спаѓа во техниката на пропустен печат. Изработениот шаблон претставува печатарска форма со која го печатиме дадениот дизајн. Шаблоните се изработуваат на картон, пластика и слично, со изрежување на елементите што сакаме да ги печатиме. Изрежувањето треба да биде прецизно со цел да се добие што е можно поквалитетен отпечаток. Притоа се употребуваат ножици, скалпел и др. Исечените рабови треба да бидат рамни и мазни. Исечените делови ќе претставуваат печатарски елементи кои ја пропуштаат бојата да премине на подлогата, а неисечените делови се слободните површини на печатарската форма што ја претставува шаблонот. На ваков начин може да се печати на секаков вид и облик на печатарска подлога.

Сл.1 Рачно изработени шаблони


Печатењето се изведува на директен и едноставен начин. Се поставува шаблонот врз подлогата за печатење. Со помош на сунѓерчиња или сунѓерести валјачиња се истиснува бојата на подлогата и се добива бараниот отпечаток.






Сл.2 Добиени отпечатоци од шаблоните

Шаблоните и отпечатоците се дел од изработките на ученицките: Митровска Ана, Најдановска Марија, Стојаноска Мартина и Мустафовски Дамир, во склоп на практичната настава.





Обидете се и вие, ќе видите дека е лесно и забавно! Еве неколку примери за поттикнување на вашата креативност!

Мартина Стојаноска, Елеонора Балтова, Марија Најдановска III 4

ЕДЕН ДЕН НА ПРАКСА

Велат работата го краси човекот, а искуството го прави добар мајсторот. Па така залудно би било само да ги учиме лекциите, а печатарските машини да ги гледаме само во учебниците. Денот кога по распоред имаме практична настава, за нас е посебен ден. Годинава, и покрај отежнатите услови со соодветните протоколи поради пандемијата, заедно со моите другарчиња од паралелката III 4 одиме во печатницата „Киро Дандаро“ – Битола. Уште на самиот влез мирисот на бојата и бучавата на машините кои работат во ритам прават сосем поинаква основа врз која ги градиме нашите знаења како графичари.

Денес бевме во одделението за офсет печат каде што воглавно има офсетни табачни машини. Нивната



моќ и големина сега изгледаат поинаку, за разлика од сликите во учебниците. Видовме различни производи кои се печатат со оваа техника: проспекти, етикети, книги, летоци итн. Вработените секогаш се љубезни. И тие, покрај нашите професори Катерина Спасовска-Маурдева и Миле Атанасоски, ни објаснуваат што се случува и како табакот „патува“ низ машината. Прво го разгледувавме уредот за вложување, пневматската глава и сите нејзини делчиња кои треба да го одвојат табакот од купот табаци и да го внесат во машината. Го „запознавме“ воздушното стапало, граничниците, дувалките на воздух, двата вида вакуумски гумчиња кои работат тимски, гподигнуваат и пренесуваат табак по табак во машината. Ама „кој работи и греши“, па така може да се случи да се внесат два табаци или пак воопшто да не се внесе табак. Затоа следно што видовме беше уредот за контрола на двојното вложување кој ја проверува работата на уредот за вложување, пред табакот да го продолжи патот по закосениот мост. Патувавме по закосениот мост и ние заедно со табакот и замислувавме како тој се движи како по облаци заради воздушното перниче кое го намалува триењето на табакот при движењето по бесконечните ленти. Следеше порамнување на табаците со помош на челни и странични марки и тоа со таква брзина што едвај успевавме да го забележиме придвижувањето на табакот. Табакот е подготвен да биде испечатен. За секоја боја постои посебна печатарска секција, а деловите во секоја од секциите се повторуваат и тоа: уредот за влажење, уредот за боење и трите цилиндри - темелен (со печатарската форма), офсетен (со офсетна гума, кој ја превзема бојата од формата и ја пренесува на подлогата за печатење) и печатарски (оној кој го обезбедува притисокот за печатење и го држи табакот за време на печатењето). И така се печатеа боја по боја, а табакот патуваше од една во друга печатарска секција. На другиот крај од машината го видовме и уредот за изложување кој уредно ги редеше испечатените табаци еден врз друг. Забележавме бел прав. Една од вработените ни рече дека е тоа пудра. Пудра??? Зарем табаците се шминкаат!? Шегата на страна, ни објасниј дека пудрата служи да не се слепуваат свежо испечатените табаци при големи брзини на печатење, кога нема доволно време да се исуши бојата на отпечатокот и веднаш врз него паѓа следниот отпечатен табак.

Патувањето на табакот заврши, а со тоа и нашето патување, но само за денес. Со нетрпение го очекуваме наредниот ден за практична настава. Сугурно ќе има нова авантура во некое друго одделение од печатницата која несебично ги отвора вратите за нас учениците и ни открива тајни кои се надеваме дека ќе нѐ направат добри мајстори на нашиот занает. Се гледаме на наредната пракса, а дотогаш ќе ги средуваме впечатоците од прекрасно поминатиот ден во печатницата „Киро Дандаро“.

Сабина Мемедовска III 4

Прилозите се изработени во соработка со Катерина Спасовска-Маурдева, наставник по графички стручни предмети



Интервју
со Димитар Петровски

Господине Петровски, како одговорен и зафатен со повеќе функции во печатницата „Фустеларко борец“, опишете ни накратко како изгледа еден Ваш работен ден.

Како одговорен во одделението за планирање и техничка подготовка, работниот ден започнува со организирање на вработените и задачите кои треба да се завршат.

Се проверува константно електронската пошта. Во текот на првите часови има состанок со производство на кој се реферира околу новите зададени задачи за изработка на производ или околу проблеми за исполнување на истите.

Се грижам за распоредување, чување и архивирање на базите со припреми за печатење. Ги проверувам доставените припреми од клиентите, дали задоволуваат во однос на квалитетот на фајловите, за да можи потоа да се печати производот. Доколку е можно, и некој фајл не ги задоволува потребните карактеристики, се дооформува во одделението каде што раководам. Но, доколу не е можна корекција, фајлот се враќа до клиентот или дизајнерот кој го изработувал, со напомени што треба да корегира.

Работните задачи се распоредуваат на секој од извршителите поединечно според неговите знаења и работното место.

По завршување на одредена задача од извршителот пристапувам кон контрола на завршената работа и евентуални корекции за подобрување на истата. Се грижам да се обезбедат сите карактеристики и параметри со кои треба да се изработи еден производ. Откако ќе се дефинираат истите (број на бои, изглед, материјал, начин на лепење, начин на формирање итн.) потпишувам работен налог во кој изјавувам дека се обезбедени сите технички услови за изработка и печатење на производот. Потоа се изработува работен налог кој се пласира понатаму во производството.

Голем дел од времето го поминувам и во контрола на боите и печатот. Секој нов производ кој не е претходно печатен и прв пат се работи, мора од моја страна да е одобрен во однос на боите. Потоа откако ќе се одобри, се печати тираж. Се случува боите на производот при печатењето да немаат задоволителен квалитет и во ретки случаи се менуваат одредени делови од дизајнот за да се добие потребниот квалитет.

Ова досега искажано можеби звучи како опис на работни задачи, но секоја од овие во поголема или помала мерка се сретнуваат во текот на денот.

Каква едукација треба да се стекне за да може некој да дојде на Вашето работно место или да Ви конкурира?

Пред сè да има завршен графички факултет. Поточно треба да покажува поголема заинтересираност околу изучувањето на графичкиот дизајн, реализирањето на графичкиот дизајн понатаму во процесот на печатење, како и теоријата на колор менаџмент т.е. управување со боите во графиката.

Солидно познавање на графичките програми за обработка на слики и вектори, бидеќи без нивно познавање не е можно ништо да прави иако би имал факултетско образование.

Кои карактеристики треба да ги поседува еден дизајнер?

Остроумност, снаодливост, комуникативност, љубопитност, иновативност.

Доколку е потребен дизајн, а вие немате инспирација во моментот, дали имате некоја посебна рутина (пр. пешачење, трчање) или...? Како добивате инспирација? Некој совет за нас, на кои потешко ни оди тоа.

Вистина, за изработка на дизајн треба да се има инспирација која не секогаш е присутна. Инспирација добивам најмногу кога би се задлабочил во слободно размислување на кој начин би го направил конкретниот дизајн, бидеќи доколку изведувам некоја друга активност не би бил сосема сконцентриран.

Секако треба претходно и пратење на трендовите за дизајни т.е. во кој правец се движи изработката на дизајни. Интернетот во голема мера помогнува околу тоа.

Често се случува во потсвеста да ми се појави слика од целиот дизајн како би требало да изгледа, и често истото да ми се случи при спиење.

Се случувало да направам дизајн кој после мене не ми се допаѓал иако претходно имав инспирација да го направам, па таквиот дизајн го преработувам од почеток со друг концепт и инспирација.

Најлошо е кога се бара дизајн во краток временски период. Тогаш нема многу простор и за размислување и барање на иснпирација, па работам дизајн со моментална инспирација и преку позајмување на одредени елементи од други дизајни и склопување на нешто сосема ново.

Може ли да ни споделите ситуација во која, поради Вас, работата на целата компанија се унапредила?

КВАЛИТЕТ пред сè и БРЗИНА на финалниот резултат. Откако сум вработен сум ја имал таа среќа целосно сите новитети да течат преку мене со воведување на нови технологии во графичката индустрија. Секако со моја иницијатива до моите претпоставени, и со образложување дека со имплементација на одредена нова технологија би го подобриле работењето. Вакви ситуации имало повеќе со што и бенефитот од повеќе аспекти е поголем.

Во кои земји Ве „прошетала“ работата?


Јас мислам дека ја имам една од ретките привилегии која една личност ја има при негова едукација. Да го работи тоа што го сакал и учел. Тоа е голема благодет и за работникот и за претпријатието.

Бидејќи сум на такво работно место каде што имам и задача на пратење на нови технологии, сум бил на голем број на саеми, на семинари, посета на други печатници, клиенти со кои работиме итн.

Сум бил во Швајцарија, Германија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Грција, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово и Албанија.

Дали имате хоби или друга активност на која ѝ посветувате време после работата (во приватниот живот)?

Да, имам. После работниот ден, бидејќи работата ми е доста одговорна и знае често да ми биде стресна, имам повеќе начини да се опуштам умствено. А и покрај умствената релаксација да се одржува физичка кондиција.



Најпрво би кажал дека се занимавам со лозарство каде што често одам и работам. Таа работа е целосно физичка и е во спротивност со работата која ја работам на работа и затоа умствено се одморам таму.

Често возам велосипед, играм кошарка, кога имам повеќе време одам на планина и понекогаш на прошетки.

Што би ни препорачале нам – младите дизајнери?

Да го љубите тоа што го работите. Учете постојано. Тоа што го работите да биде беспрекорно сработено без никакви пропусти. Само на тој начин ќе имате резултат, ќе делите од другите, ќе ве забележат и ќе градите кариера.

Да не се разочарувате при неуспеси. Бидете ведри, дружељубиви и полни со енергија.

Доколку го учите тоа што го сакате, ќе вроди со плод.

Се надевам дека ви помогнав со ова мое излагање во вашето понатамошно школување и кариера.

Кристина Јованова I 4

НА ТЕМА

ЗОШТО УЧЕНИЦИТЕ ОТСУСТВУВААТ ОД ЧАСОВИ?

Анкетата беше спроведена кај учениците од графичката струка од прва и трета година. Ги прашавме учениците заради кои причини отсуствуваат од часови, но и што можат тие и професорите да направат за да се намалат отсуствата. Еве ги нивните одговори:


Зошто учениците отсуствуваат од часови?	
▸ за побрзо да одиме на шетање после часови ▸ затоа што сме заспани на првите часови ▸ затоа што не ни се учи ▸ за да не правиме тест ▸ за да избегниме испрашување ▸ за да си поминиме убаво кога имаме гости за време на час ▸ за дотерување пред шетање ▸ за да се оди на кафе ▸ заради немање интернет понекогаш ▸ за да спиеме ▸ оти не ни се решаваат задачи ▸ за да не вежбаме на физичко ▸ за да си се сликаме за на инстаграм или да пишиме со други лица ▸ за да си се пофалиме колку часови сме избегале ▸ за да поиграме игри онлајн ▸ ни се здосадија часовите на ваков начин ▸ топло беше времето за шетање	▸ за да се оди на тренинг ▸ кочи интернетот ▸ пречат домашните со други обврски ▸ оти почнува фудбалот ▸ оти треба да се пиши спортска ▸ попладне имаме послаба концентрација ▸ готов е ручекоооот!!!! ▸ одам да се туширам за „излагање“ ▸ ми се спие, легнав во 5 сабајле ▸ да го наранам помалиот брат ▸ вклучен сум со слика и слушам музика ▸ затоа што сме мрзливи и не сакаме да учиме ▸ заради болест ▸ напорно е и досадно цело време на телефон, мал е екранот за учење ▸ тешко е да се учи од телефон 7 часа, боли глава цел ден пред телефон, ▸ не ни се седи на час ▸ има ученици кои мислат дека и така ќе поминат
Што можат да направат учениците за да се намалат отсуствата?	
❍ да се фер, да се вклучат и да бидат присутни, а не само слика да има од некој ❍ да бидиме присутни на час секој ден ❍ да му се поможи на другарче со домашните задачи ако не можи да ги напиши, за да се уклучи на часови без да му е страв за оцена ❍ да го викниме другарчето заедно да следиме настава ако телефонот му е расипан ❍ да сме послушни ❍ да не сме мрзливи ❍ да не се успиваме ❍ редовно да ги работиме задачите ❍ помалце на кафиња за време на часови ❍ да се почни на училиште ❍ цело време да сме претпладне ❍ да не отвараме и други апликации за време на час	
Што можат да направат професорите за учениците да бидат поприсутни на часовите?	
• да се јавуваат на родителите • да се јави директорот кај родителите • да не ги оставаат лабаво учениците, да не се толерираат толку многу • психолозите да разговараат со учениците • психолозите да се јават кај родителите и да разговараат со нив	• да се намали времетраењето на часовите • да се намали бројот на часови • професорите редовно да запишуваат отсутни • класната да пиши неоправдани • подобар квалитет на интернет врските

Христијан Петровски II 4

Квиз



1. Со која комбинација на копирни предлошки се добива сликата?




2. Разгледај го цртежот и зборовите што се впишани на патеките 1, 2 и 3, а потоа на празните линии допиши ги точните одговори. Кога ќе ги одговориш прашањата, провери ја точноста на одговорите во решенијата на крајот на тестов и собери ги бодовите од заградите. Патот со најмногу бодови е најбрзиот пат до училиштето!


- Фази во графичкиот процес се: графичка подготовка, печатење и _____(10)
- Кратенката CtF означува _____(15)
- Кориците кај изданијата во тврд повез се изработуваат од _____(11)
- Собирањето табак во табак се препорачува максимум до _____(13)
- При офсет печатење, на печатарската форма најпрво се нанесува _____(17)
- Безшивниот повез означува спојување на книжниот блок со _____(11)

3. Најди го натрапникот:

- штегови
- линии
- прореди
- реглети
- квадрати



4. Напиши ги поимите на соодветното место:



уред за влажење;
печатарски цилиндар;
подлога за печатење;
темелен цилиндар;
уред за боење;
офсетен цилиндар.


5. Поврзи ја постапката со основната техника на печатење:

Бакро печат	**РАМЕН ПЕЧАТ**	Офсет печат
Челичен печат	**ВИСОК ПЕЧАТ**	Литографија
Флексопечат	**ДЛАБОК ПЕЧАТ**	Летерсет (сув офсет)
Печатење со шаблони	**ПРОПУСТЕН ПЕЧАТ**	Светлосен печат
Типопечат		Сито печат



6. Која боја ќе се добие со мешање на цијан и магента?


а) Жолта б) Виолетова
в) Црвена г) Зелена




7. Која боја ќе биде цветот ако се помешаат жолта и магента?
Обои ги латиците во бараната боја!

8. Кој дел од цртежот се крие зад црвениот круг?






9. Играј:




Ана Митровска, Мартина Стојаноска, Марија Најдановска, Софија Николова и Елеонора Балтова III 4
Прилогот е изработен во соработка со Катерина Спасовска-Маурдева, наставник по графички стручни предмети

(**Одговори:** **1.** г, **2.** патека 2, **3.** линии, **4.** 1-уред за влажење; 2-уред за боење; 3-темелен цилиндар; 4-офсетен цилиндар; 5-подлога за печатење; 6-печатарски цилиндар, **5.** РАМЕН ПЕЧАТ (литографија, офсет печат и светлосен печат), ВИСОК ПЕЧАТ (типопечат, флексопечат и летерсет), ДЛАБОК ПЕЧАТ (бакро и челичен печат), ПРОПУСТЕН ПЕЧАТ (сито печат и печатење со шаблони), **6.** б, **7.** црвена, **8.** А, **9.** Типографска точка)

ГРАФО-МАТЕМАТИКА



Антонио Поповски I 5



Дарко Дојчиновски I 5

Прилогот е изработен во соработка со Снежана Паскова, наставник по графички стручни предмети

ЕКО-ГРАФ

РАЧНА ПРЕРАБОТКА НА ХАРТИЈА – РЕЦИКЛИРАЊЕ


ПРВА ФАЗА


За да рециклираме хартија потребно ни е: блендер, стара хартија, сито, пегла и крпи. Тоа можеме да го направиме во три фази:

- Во првата фаза хартијата се кини на ситни парчиња и се става во корито со вода за да кисни околу 15-20 минути. Ова се прави со цел хартијата да ја прими водата, да набабри за да може полесно да се иситни, а потоа и полесно да се изведе мелењето.


ВТОРА ФАЗА

- Во втората фаза за изработка хартијата се става во блендер, претходно накисната и омекната, а потоа се мели во блендерот со цел да се иситни и да се добие кашеста маса или пулпа. Потоа истата се посипува во корито над поставено сито (кое може да биде без и со рамка) за да се цеди. Следно во оваа фаза е тоа што со поткревање на ситото дел од пулпата останува на него, па како такво се става на крпа. И над него се поставува крпа.





- Во третата фаза хартијата се рамни и се суши со пегла. Ова се прави со цел да испари вишокот на вода, но и да се израмни хартијата како би се споиле влакненцата на истата и би се добила една компактна површина. Откако ќе се заврши со пеглање, хартијата полека се вади од ситото преработена во готова хартија и се остава на топло да се досуши. Во оваа фаза хартијата е веќе рециклирана и преработена, па може повторно да се користи.


ТРЕТА ФАЗА



На овој начин во нашето училиште, во графичкиот кабинет, веќе со години се рециклира хартија како дел од наставата со ученици од прва до четврта година. Рециклираната хартија се користи со различни намени како за изработка на честитки, за печатење, за подлога на фотографии, за изработка на албуми и сл. Во последните учебни години графичката струка реализираше работилници за рециклирање на хартија и со ученици од основни училишта од Битола кои се запознаваа со еколошкиот начин на користење на хартијата. Затоа **ДА НЕ ФРЛАМЕ** туку **ДА РЕЦИКЛИРАМЕ**.

Маријана Мегленска I 4
Прилогот е изработен во соработка со Валентина Ристеска,
наставник по графички стручни предмети



ЕКО-ГРАФ

ВОЛОНТЕРСКА АКЦИЈА „ЦВЕЌЕ ЗА СРЕЌА“

На 22 февруари и 1 март 2021 г., во понеделник, на класните часови, графичката струка организираше работилници како дел од волонтерската акција „Цвеќе за среќа“. Оваа акција се организираше во соработка со училишниот волонтерски клуб „Тереза Фердинанди Литовска“.

Во работилниците учествуваа 50-тина ученици од паралелките I 4, II 4, III 4, III 5 и IV 4 од графичката струка, а под менторство на Катерина Спасовска-Маурдева и Мирјана Гичевска (одг. наставници за волонтерскиот клуб), како и Весна Мундишевска-Велјановска, Снежана Паскова и Валентина Ристеска, наставници по графички стручни предмети. Се изработуваа цвеќиња од различни материјали кои учениците потоа ги фотографираа, а потоа ги подарија на своите блиски. Најголемиот дел од изработките се прикажани во видео-клип изработен во рамки на слободните часови за четврта година, под менторство на Весна Мундишевска-Велјановска, кој беше поставен на фејсбук страната на графичката струка https://www.facebook.com/grafickiaktiv2016 .




Објавата на видеото на ФБ страната беше придружена со оваа порака: „Благодат е да се дише среќата на цветот оросен со сончевина сред плодотворна градина 🍀 Горди сме на творбите на нашите графичари, нашата волшебна, за срце сласната младина❣️ Овие изработки се создавани во текот на изминатите две седмици од вредните ученици од I до IV г. графичка струка во соработка со волонтерскиот клуб на СОУ „Таки Даскало“ и веќе донесоа радост кај многумина 🌺 Нека ве израдуваат и вас 🌸“ И навистина беа пријатно изненадување и радост за многу наши блиски и пријатели.

Емилија Трампевска I 4

ГРАФО-КРСТОЗБОР

Внесете ги долунаведените зборови во белите полиња.





2 БУКВИ

А2 Б0 Д2 ТТ Ц1

3 БУКВИ

ГЕЛ ДТП ЕАН ПВЦ РГБ ЦПЦ ШИФ

4 БУКВИ

ЛОГО ПАРИ РИКН СЛОГ ЧАША ШТЕГ

5 БУКВИ

БАКРО РАКЕЛ СЕДЕЦ ТИРАЖ ТОНЕР ФИШЕР ФОЛИО ФОГРА

6 БУКВИ

ПРОРЕД РАСТЕР ФЛЕКСО

7 БУКВИ

БРОШУРА ЕТИКЕТИ ЗАМОТКА ПИГМЕНТ ХАРТИЈА

8 БУКВИ

ДРВОФИКС ОРНАМЕНТ

9 БУКВИ

ГРАФОПРЕС

10 БУКВИ

СЕПАРАЦИЈА

11 БУКВИ

ФОТОГРАФИЈА ХОЛОГРАФИЈА

12 БУКВИ

ДЕНЗИТОМЕТАР

Ангел Велјановски I 4

(Во) спортот на светот

Нашите графичари-спортисти, иако годинава во отежнати услови, поединечно или тимски го негуваат мотото „ВО ЗДРАВО ТЕЛО ЗДРАВ ДУХ“:

- Изабела Илиевска I 4 – Кој рече дека фудбалот е само за момчиња? Изабела го докажа спротивното, ужива во тренинзите и натпреварите со девојките од ЖФК „Атлетико“ – Битола
- Ридван Ридван III 4 – Игра фудбал во ФК „Топ гол“ – Битола
- Садуш Бајрамовски III 5 – Имаме и такви кои се членови и на повеќе фудбалски тимови. Садуш игра за ФК „Топ гол“ – Битола и ФК „Тиквеш“ – Кавадарци
- Андреј Велјановски II 4 – Игра ракомет во „Пелистер 2“ – Битола
- Христијан Стојановски III 4 – Се занимава со рекреативен бодибилдинг
- Теодора Митровска I 4 – Ужива во планинарењето кое за неа е повеќе од спорт.



Изабела Илиевска I 4



Садуш Бајрамовски III 5



Теодора Митровска I 4

Графо-забава

МУЗИКА



Листа на спотови кои имаат содржини кои потсетуваат на нашата, графичка струка (мислиме на цртеж, стрип, графити, типографија, анимација, книга, фотографија... и сè она што ќе го забележи вашата имагинација):

- Ed Sheeran – Perfect (Cute Animation Love video) https://youtu.be/cLloxSDh_2g
- Imagine Dragons – Birds https://youtu.be/vOXZkm9p_zY
- Charlie Puth – Attention (Lyric video) Kinetic typography https://www.youtube.com/watch?v=bFwwG6a7J_g
- Eminem – Lose Yourself (Explicit) Kinetic Typography Lyric Video https://www.youtube.com/watch?v=jLWuOhs0Z_c
- Billie Eilish – You should see me in a crown https://www.youtube.com/watch?v=coLerbRvgsQ
- Ed Sheeran – Happier [Animated Romantic Video] https://youtu.be/Sujkhhyn870
- Jessie J – Price Tag Lyrics Video (Kinetic Typography) https://www.youtube.com/watch?v=9SrXJ_FL5Hg
- Lorn – Anvil https://www.youtube.com/watch?v=CqaAs_3azSs
- The Chainsmokers – Don't Let Down (Kinetic Typography) https://youtu.be/-AmBlTkTWm8
- Sia – Cheap Thrills | Lyrical Kinetic Typography https://youtu.be/l6M_5C7kbUw
- Mario – Let Me Love You https://youtu.be/H64QG4UsrGI
- a-ha – Take On Me https://www.youtube.com/watch?v=djV11Xbc914
- Rauf&Faik feat.Toxi$ – Тебя нет со мной https://youtu.be/h96Um2u16W4?list=RDWJF5Z1WRcqw
- Justin Bieber – Come Around Me https://youtu.be/GtDwH6fPRMA
- Gotye – Somebody That I Used To Know (feat. Kimbra) https://youtu.be/8UVNT4wvIGY
- Lil Wayne – Mirror ft. Bruno Mars https://youtu.be/OZLUa8JUR18
- Justin Bieber – What Do You Mean? https://youtu.be/DK_0jXPuIr0
- OK Go – The One Moment https://youtu.be/QvW61K2s0tA
- Black Pumas – Colors https://youtu.be/2EntxPIULUI
- Justin Bieber – Habitual https://youtu.be/yKnt8dsFiO0



Душанка Давчева I 4

Дополнување




1	2	3	4		5	6		7	8	9	10	11	12	13	14


1. Хемиски знак за ураниум
2. Ознака за физичка величина отпор
3. Ознака за физичка величина енергија
4. Ознака за дијаметар
5. Ознака за атомски број т.е. број на протони
6. Единица за мерење на јачина на електрична струја
7. Ознака за физичка величина брзина
8. Математичка ознака за периметар
9. Хемиски знак за кислород
10. Првата буква на една од CMYK боите
11. Ознака за физичка величина напон
12. Хемиски знак за ванадиум
13. Ознака за физичка величина забрзување
14. 18-тата буква од азбуката
15. $m \times c^2 = ?$

Ева Талевска III 5

Лавиринт



Дарко Дојчиновски I 5



Рејхан Абдиева и Мирадие Адиловска III 5

Прилогот е подготвен во соработка со Снежана Паскова, наставник по графички стручни предмети

ГРАФО ПрЕс

